**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXIX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-31/5**
**20.5.2025 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членовите 457 и 460 од Законот за трговските друштва и членот 35 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXIX седница, одржана на 20.5.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на зделка со заинтересирана страна

### Член 1

Се одобрува деловна соработка (зделка) со ОИЛКО КДА-Скопје, и тоа:

**I. ОИЛКО КДА - Скопје како продавач на стоки и давател на услуги:**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| 1. Транспортни услуги | 675.000.000 | Пазарни |
| 2. Закуп на транспортни средства | 40.000.000 | Пазарни |
| 3. Останати стоки и услуги | 5.000.000 | Пазарни |
| **Вкупно :** | **720.000.000 денари** | |

Износот од **720.000.000** денари, претставува **6,63 %** од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **10.867.556.868** денари.

**II. ОИЛКО КДА - Скопје како купувач на стоки и корисник на услуги**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| 1.Гориво за возила | 180.000.000 | Пазарни |
| 2. Резервни делови и потрошен материјал | 20.000.000 | Пазарни |
| 3. Услуги преку Верна картички | 5.000.000 | Пазарни |
| 4. Останати стоки и услуги | 25.000.000 | Пазарни |
| **Вкупно:** | **230.000.000 денари** | |

Износот од **230.000.000** денари, преставува **2,12 %** од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **10.867.556.868** денари.

Вредностите на зделката се изразени во денари, без пресметан ДДВ.

Вкупната вредност на деловната соработка изнесува **950.000.000** денари, без пресметан ДДВ, што преставува **8,74 %** од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, која изнесува **10.867.556.868** денари.

**Член 2**

Се овластуваат директорите на соодветните дирекции во Друштвото, заради реализацијата на деловната соработка опишана во членот 1 на оваа одлука, да склучат договори и анекси кон веќе склучените договори, со важност за период од најмалку 12 месеци од денот на нивното склучување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на склучувањето на договорите и анексите од членот 2 на оваа одлука.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Ерол Хасан**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 1